АГЕНЦИЈА ЗА АУДИО И АУДИОВИЗУЕЛНИ МЕДИУМСКИ УСЛУГИ

До:

- **д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 76-в став 1 од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр. 40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16) се доставува

Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни
медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: | 11. 12. 2016 | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 10 | 6384 | 1 | |

**ПИСМЕН ИЗВЕШТАЈ**
**ЗА ИЗВРШЕН НАДЗОР (МОНИТОРИНГ)**

1. **Вид надзор:** Надзор над изборното медиумско претставување;
2. **Субјект на надзорот:** Радиодифузно трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ, Прилеп
3. **Период опфатен со надзорот:** 11 декември 2016 година;
4. **Датум на извршување на надзорот:** 11 декември 2016 година;
5. **Предмет на надзорот:**
   - **Член 76-б став 3 од Изборниот законик** („При известувањето во деновите на изборниот молк ќе се смета дека медиумите го прекршиле изборниот молк доколку емитуваат, односно објават какви било информации, фотографии, аудио и аудиовизуелни материјали поврзани со или во кои учествуваат учесници во изборите; какви било облици на медиумско известување кои се отворено или прикриено во функција на нечија изборна кампања и можат да влијаат врз одлуката на избирачите; податоци со кои го откриваат идентитетот на политичките субјекти и/или на поединци вклучени во инциденти или други неправилности на денот на гласањето како и изјави од кандидати во изборниот процес, од учесниците во изборна кампања, од претставници на политички партии и од носители на функции во органите на власта")

6. **Констатации од надзорот:**

Со надзорот врз програмскиот сервис на Радиодифузно трговско друштво ТЕЛЕВИЗИЈА СОНЦЕ ДООЕЛ, Прилеп, емитуван на 11 декември 2016 година, на државно ниво, констатирано е дека, спротивно на одредбите од член 76-б став 3 од Изборниот законик, за време на изборниот молк, објави информации, фотографии, и аудиовизуелен материјал поврзан со учесник во изборите и емитуваше изјава на носител на функција во орган на власта.

Во периодот од 03 часот и 36 минути до 03 часот и 39 минути, во рамки на Македонскиот иселенички фестивал организиран под покровителство на Фондацијата Ѓорѓија Џорџ Атанасовски, со изјава се појавува градоначалникот на Прилеп, Марјан Ристески, носител на функција во орган на власта.

**11.12.2016**

| Период на емитување на изјавата | Опис: |
|---|---|
| 03:36:17 – 03:39:13 | Во рамки на Македонскиот иселенички фестивал, под покровителство на Фондацијата Ѓорѓија Џорџ Атанасовски, со изјава се појавува носител на функција во орган на власта - Марјан Ристески, градоначалник на Прилеп. |

Во периодот од 12 до 13 часот, емитуван е рекламен спот за монографијата на Ѓорѓија Џорџ Атанасовски, претседател на партијата Македонска Алијанса, која е дел од Коалицијата ВМРО ДПМНЕ и др.

**11.12.2016**

| Период на емитување на рекламирањето | Опис: |
|---|---|
| 12:41:33 – 12:42:06 | Емитуван рекламен спот за монографијата на Ѓорѓија Џорџ Атанасовски, претседател на партијата Македонска Алијанса, која е дел од Коалицијата ВМРО ДПМНЕ и др. |

Во Вестите во 16 часот, како и во Вестите во 18 часот е емитуван прилог од прес-конференцијата на МВР и БЈБ, за време на која портпаролот на МВР, го открива идентитетот на политичкиот субјект ДУИ кога говори за испишан графит на 100 метри од гласачко место пред ОУ Петар Здравковски Пенко.

**11.12.2016**

| Период на емитување на изјавата | Опис: |
|---|---|
| 16:06:38 – 16:07:00<br>18:07:28 – 18:07:50 | Во Вестите во 16 и 18 часот е емитуван прилог од прес-конференцијата на МВР и БЈБ, за време на која портпаролот на МВР, го открива идентитетот на политичкиот субјект ДУИ кога говори за испишан графит на 100 метри од гласачко место. |

***Сектор за програмски работи***